**ЗАПИСНИК**
**од 30-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 16.07.2018 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, м-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазар Трајчев (оправдано отсутен), Зоран Фиданоски (оправдано отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Арбен Саити, Александар Џуваревиќ, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 30-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:10 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски информираше дека на седницата се присутни 5 членови на Советот, а отсутни се г-дин Трајчев кој на минатата седница најавил дека нема да биде во можност да присуствува и г-дин Фиданоски бидејќи е на годишен одмор во странство.

Советот на Агенцијата едногласно со 5 гласа „за" го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на предлог-записник од 29-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.07.2018 година.
2. Предлог-одлука за објавување на јавен конкурс за доделување 1 (една) дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво.
3. Предлог-решение за запирање на постапката за утврдување на постоење недозволена медиумска концентрација по службена должност кај Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје.
4. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка: Сертификација за ИСО (ISO) – (9001:2015).

5. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка: Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радиоемитување на државно ниво.
6. Разно.

**Точка 1**

Г-дин Петрушевски предложи да се одложи усвојувањето на предлог-записникот од 29-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.07.2018 година, поради тоа што материјалот до членовите на Советот бил доставен половина час пред започнување на седницата. Објасни дека е потребно повеќе време од половина час за секој од нив да го прочита предложениот записник и усвојувањето го одложи за првото продолжение на 30-та седница кое ќе се одржи пред почетокот на следната седница.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за правни работи д-р Андриана Скерлев Чакар ја образложи предложената одлука за објавување на јавен конкурс за доделување 1 (една) дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво. Објасни дека согласно член 69 од ЗААВМУ за програмски сервис на терестријално радио што се емитува преку ограничен ресурс – радиофреквенции, дозволата за радио емитување ја доделува Агенцијата по пат на јавен конкурс. На 09.03.2018 година до Агенцијата беше доставено Барање од страна на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи за добивање информации во однос на постапката за добивање дозвола за радио емитување, за државно или регионално ниво, на што Агенцијата достави допис со кој меѓу другото ја извести заинтересираната страна дека во неколку наврати Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се има обратено до Агенцијата за електронски комуникации за слободни радиофреквенции за национално и регионално ниво – подрачјето на град Скопје, при што е известена дека слободни радиофреквенции нема. Следствено на тоа, Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, со писмен допис побара од Агенцијата информација за тоа во кои региони, односно подрачја на територијата на Република Македонија евентуално има слободни радиофреквенции за емитување на радио програмски сервис. По повод горенаведениот допис, Агенцијата се обрати до АЕК со допис - Барање информација за слободни радиофреквенции за емитување на радио програмски сервиси за сите подрачја во Република Македонија, но од тамо известија дека потребно е да се прецизира точно за кој град постои најголем интерес, за да се извршат софтверски анализи и првични мерења во бараната област. Во врска со тоа, Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, ја информираше Агенцијата дека нивниот интерес е за градот Струмица. По повод тоа, повторно се достави допис до Агенцијата за електронски комуникации, за да се побара информација за можни слободни фреквенции за радио емитување на подрачјето на општина Струмица. На 20.04.2018 година, АЕК ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги дека „Врз основа на техничката анализа од страна на Секторот за радиокомуникации и најновите мерења во реонот на град Струмица, во пограничниот регион се регистрирани голем број на радиоемисии од соседните држави со значително високо ниво. Доколку идниот корисник се согласува со евентуална појава на интерференции

од соседните држави, може да се определат начелни параметри според кои треба да се изработи техничко решение за покривање на градот Струмица и тоа: Можни локации на предавател: Струмица споменик, Струмица баир, Струмица кале; Ефективна израчена моќност: 300 W; Фреквенција 106.5 MHz. За наведеното, Агенцијата ја извести Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, и побара од неа информација дали е согласна со отворање на радио на локално ниво на подрачјето на општина Струмица, со наведените услови односно со евентуалната појава на интерференции од соседните држави. До моментот на изработка на овој Предлог, од Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи не е добиен повратен одговор. Претходно, односно на 12.12.2017 година до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги беше доставено Писмено барање од заинтересирана страна, Здружение Радио Марија Македонија – Скопје за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување за истото подрачје, односно за подрачјето на општина Струмица. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со Одлука го одби наведеното барање со оглед на тоа дека тогаш согласно со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите, а врз основа на доставено Известување од Агенцијата за електронски комуникации се утврди дека нема слободна радиофреквенција за радио емитување на програмски сервис на подрачјето на општина Струмица. Имајќи ги предвид добиените информации наведени во Известувањето во врска со барањето информација за слободни фреквенции за емитување на радио програма на локално ниво за град Струмица доставено од страна на Агенцијата за електронски комуникации, Агенцијата го извести Здружението Радио Марија Македонија - Скопје за истото и му посочи дека доколку се согласни за отворање радио на локално ниво на подрачјето на општина Струмица со наведените услови, односно со евентуалната појава на интерференции од соседните држави, можат да поднесат писмено барање до Агенцијата. Здружението Радио Марија Македонија – Скопје на 16.05.2018 година со писмен допис ја извести Агенцијата дека се заинтересирани за доделување на дозвола за радио емитување на подрачјето на општина Струмица. Имајќи го предвид сето понапред наведено, а согласно член 70 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во кој предвидено е дека „Доколку согласно со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите, се утврди дека има слободни радиофреквенции, Агенцијата ќе изработи студија со која ќе ја утврди оправданоста за објавување на јавен конкурс, а особено од аспект на исполнувањето на целта на овој закон, како и од аспект на потребите на публиката. За да ги утврди потребите на публиката за радио емитување во соодветната сервисна зона, како и за видот, односно форматот на програмските сервиси за кои треба да се објави конкурсот, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, преку Секторот за стратешко планирање и авторски права, изработи Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно радио на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица наш арх.бр.08-3206/1 од 10.07.2018 година, која е објавена на веб страницата на Агенцијата на 11.07.2018 година. Наодите од оваа Студија покажаа дека постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица, што детално може да се утврди од текстот на истата. Додаде дека во конкурсната документација покрај стандардните изјави, се подготвени уште две дополнителни во кои апликантот прифаќа дека му е ставено до знаење дека оваа фреквенција е со интерференции и дека е свесен за тоа.

Г-дин Фетаи во поглед на оваа точка рече дека таа сега се наоѓа пред финален момент пред Советот на Агенцијата во смисла дека ќе гласаат за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно радио. Во врска со суштината и внатрешноста на програмата на радиото рече дека е првпат да има едно радио со целосна програма посветена на верска содржина. До сега во Република Македонија немало таков медиум ова е нов момент иако тоа Законот го дозволува, Уставот на РМ и Охридскиот рамковен договор во смисла дека верските заедници може да основаат медиуми. Потсети дека и во изминатите години имаше вакви Барања од верските заедници. Според него се знае дека нивните желби се во сегмент дека никогаш не им е доволно да се присутни кај нивните верници па сакаат да ја искористат оваа можност преку медиумите. Ја поздравува целата процедура и рече дека треба да се сочува медиумскиот пејзаж во Република Македонија. Смета дека со оваа дозвола е добро измерена и анализирана таа состојба, бидејќи можно е да има барања и од другите верски заедници во смисла да го искористат нивното право. Ги прочитал материјалите и целата коресподенција. Повтори дека во минатото имало вакви Барања, но тогаш Советот одлучувал така како што одлучувал дека не било можно. Бидејќи сега е дојдено до финализирање и доставена е Предлог-одлука со сите законски елементи, рече дека него не му преостанува ништо друго како заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, освен да го поздрави предлогот бидејќи се започнува со една нова ера, нов момент во медиумскиот пејзаж во радиодифузијата во Република Македонија со ова ново радио.

Г-дин Ајдини рече дека сето она што суштински требаше да се каже по предложената точка го образложил г-дин Фетаи. Се изјасни дека го прифаќа предлогот за објавување на јавен конкурс за доделување на една дозвола за непрофитно радио. Во врска со содржината на материјалите имаше техничка забелешка на страна 31 од материјалот, во воведот на Студијата. Имено, секаде каде што е преземан текст од Барањето во одредени зборови буквите се разделени меѓу себе и при тоа зборовите и речениците ја губат смислата.

Директорот и вработените во службата рекоа дека сето тоа ќе се коригира доколку навистина тоа е така во оригиналните документи, затоа што можеби одредено изместување на текстот е настанато при конвертирање на материјалот од word во pdf.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-386 од 13.07.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и едногласно донесе Одлука за објавување на јавен конкурс за доделување 1 (една) дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис наменет за христијанското население, на подрачјето на општина Струмица, на локално ниво, на македонски јазик, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РМ, и тоа: 106.5 MHz, со текст како што беше предложена.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Македонија", на веб-страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и во најмалку 2 (два) дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи предложеното решение за запирање на постапката за утврдување на постоење недозволена медиумска концентрација по службена должност кај Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје. Објасни дека пред неколку седници Советот донесе Одлука за отпочнување постапка за утврдување на недозволена медиумска концентрација кај наведениот радиодифузер, затоа што управителот на ТВ Алфа се јавуваше истовремено и како сопственик на компанија за филмска продукција. За наведеното со допис беше известен медиумот. Во меѓувреме управителот на ТВ Алфа излезе од сопственичката структура на таа компанија и променета е шифрата на дејност со што се отстранети сите услови за да се запре постапката за утврдување на постоење недозволена медиумска концентрација.

Г-дин Петрушевски рече дека сега состојбата е јасна. ТВ Алфа доста брзо постапила по препораките на Советот на Агенцијата и се воспостави дека Советот бил во право кога ја започнала постапката.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.02-383 од 13.07.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и едногласно донесе Решение за запирање на постапка за утврдување на постоење недозволена медиумска концентрација по службена должност кај Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, со текст како што беше предложено решението.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 4**

Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи м-р Арбен Саити ја образложи Предлог-одлуката за потреба од јавна набавка: Сертификација за ИСО (ISO) – (9001:2015). Објасни дека оваа точка е поврзана со точката од минатата седница во врска со дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2018 година на Агенцијата. Објасни дека со оваа набавка треба да се обезбеди сертификациона куќа која ќе изврши сертификација на работата на Агенцијата со Сертификација за ИСО (ISO) – (9001:2015).

Г-дин Петрушевски рече дека во врска со оваа точка членовите имале дискусија на минатата седница. Смета дека е добро што Агенцијата постојано ќе се надградува. Овие сертификати траат 3 до 6 години и треба да се обноват, а институциите да се прилагодат на новите стандарди. Посочи дека се работи за износ од 200.000,00 денари без ДДВ.

Г-дин Фетаи информативно праша дали во моментов Агенцијата е сертифицирана, кој сертификат го поседува и временски до кога има важност сертификатот?

Раководителот Саити одговори дека во овој момент Агенцијата работи согласно системите со управување на квалитет 9001:2008 и тој сертификат има важност до 15.09.2018. Објасни дека од сертификационата куќа Агенцијата доби упатство дека

треба да се ресертифицира односно да премине во нов стандард бидејќи сегашниот се укинува.

Г-дин Фетаи праша дали Агенцијата оди со нов сертификат и стариот воопшто не го зема предвид којшто ќе истече во септември оваа година?

Раководителот Саити одговори дека новиот сертификат е надградба на стариот. Разликата меѓу двата е во процесот на работење, односно во новиот сертификат има еден дополнителен дел за ризиците при работење и други дополнителни процеси кои Агенцијата треба да ги докаже со нејзиното работење.

Г-дин Фетаи посочи дека му изгледа нелогичен предвидениот износ од 200.000,00 денари без ДДВ за Сертификација за ИСО (9001:2015), како да се оди со ново земање на стандарди а до сега веќе Агенцијата ги имала. Се сеќава дека Советот дал одобрување за сертификати. Но за обновување на нивната трајност износот не би требало да биде како за нова сертификација. Во таа насока рече дека не гледа некои посебни потреби да се оди кон осовременување посебно што веќе Агенцијата го има системот со управување на квалитет 9001:2008. Рече дека логично размислува и му изгледа дека овие 200.000,00 денари се надвор од економското размислување околу рационалноста и сериозноста на таквата потреба во оваа фаза на трошоци што ги има Агенцијата, со оглед на минатите трошоци и на идните. Се изјасни дека е во дилема дали да поддржи една ваква потреба за ИСО (9001:2015).

Раководителот Саити објасни дека стандардот ИСО 9001:2008 што го има Агенцијата ќе престане со важност на 15.09.2018. Цифрата за новиот сертификат е определен со анализа и истражување на пазарот и ова е максимална сума за три години. Првата година се плаќа 50% од вредноста што ќе се добие од електронската негативна аукција, и се надева дека тој износ ќе се намали при електронската аукција.

Г-дин Петрушевски рече дека истата оваа работа ја прави институцијата каде што тој работи во Град Скопје, и исто и кај нив истекува сертификатот во септември. Разликата е во тоа што тамо е поголема сумата бидејќи институцијата е скоро два пати поголема од Агенцијата. Сумата може да зависи од големината на институцијата, ама и не зависи затоа што има процедури што мора сите да се поминат. Сертификација за ИСО (ISO) – (9001:2015) содржи плус два нови процеси од претходниот, два нови елементи и се изјасни дека ќе ја поддржи јавната набавка така како што е предложена. При тоа рече дека се надева дека овој износ ќе се намали дополнително.

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот м-р Драгица Љубевска, објасни дека Сертификација за ИСО (ISO) – (9001:2015) започна да се воведува во 2015 година и институциите имаат транзиционен период од 3 години за да се подготват за новиот сертификат, односно до 15.09.2018. Тоа значи дека сегашниот сертификат што Агенцијата го поседува ИСО 9001:9008 по 15 септември нема повеќе да важи. Во таа насока рече дека единствен сертификат што Агенцијата може да го земе е ИСО 9001:2015.

Г-дин Фетаи рече дека не е убеден во образложенијата што ги слушнал и поради причините кои ги навел во неговата дискусија се изјасни дека ќе биде воздржан во поддршката на овој предлог.

Г-дин Ајдини рече дека до септември има време и дека треба да размислат уште еднаш. Праша дали може во меѓувреме да добијат дополнителни информации доколку имаат потреба во насока да се контактираат повеќе сертификациони куќи?

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот м-р Драгица Љубевска појасни дека според анализата на пазарот што секторот ја направил, толку чини сертификатот. Едноставно мора да се земе тој сертификат и не може да се продолжи со стариот ИСО 9001:2008 бидејќи тој веќе нема да постои.

Г-дин Јанчески рече дека нашол релевантен извор каде што е наведено дека „по крајот на септември 2018 година Сертификатот ИСО 9001:2008 нема да биде веќе валиден". Појасни дека според тоа не може Агенцијата да ја обнови старата верзија.

Г-дин Трајчевски објасни дека кога ќе биде објавен јавниот повик, сите заинтересирани компании што ги исполнуваат условите ќе се јават и потоа ќе се води процес на негативна аукција и потоа цената ќе се утврди по завршување на негативната електронска аукција. Имало различни ситуации кога цената била намалена и до 50%. До сега искуството на Агенцијата покажува дека во 99% случаеви цените биле намалени. Врз база на анализите што секторот ги направил понудил одредена максимална цена, па можно е да се јават и фирми кои не биле комуницирани при анализата на пазарот и тие да понудат пониска цена за оваа услуга.

Г-дин Јанчески побара информација за висината на износот кој бил платен за претходниот сертификат ИСО 9001:2008.

Раководителот Саити одговори дека проценетата вредност била 300.000,00 денари, но по негативната електронската аукција цената била 200.000,00 денари.

Советот на Агенцијата со три гласа „за" и два воздржани гласа од г-дин Фетаи и г-дин Ајдини не го усвои предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-3272/3 од 13.07.2018 година и не даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка - услуга: Сертификација за ИСО (ISO) – (9001:2015).

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева ја образложи предложената одлука за потреба од јавна набавка: Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радиоемитување на државно ниво. Објасни дека во техничката спецификација е предвидено да содржи 4 дела и во суштина не се разликува многу од последната направена Студија. Првиот дел е делот каде треба да се направи економска анализа, вториот дел е анализа на сегашната медиумска понуда. Во третиот дел е разликата односно економскиот оператор којшто ќе ја изработи Студијата да спроведе и истражување на јавното мислење и се одлучиле да биде компјутерски асистирано телефонско интервју, да не биде лице в лице. Четвртиот дел Заклучоци и препораки треба да содржи јасен заклучок дали има или нема оправданост од објавување јавен конкурс и доколку има јасно да се посочи за каков програмски формат треба да се додели дозволата. За оваа јавна набавка предвидени се 400.000,00 денари и при негативната електронска аукција ќе се види која цена ќе биде постигната.

Г-дин Фетаи потсети дека во врска со оваа точка дискутирал на минатата седница и ги образложил неговите размислувања. Бидејќи се работи за спецификација а се знае дека оваа јавна набавка се прави со одредена намена односно за радио на државно ниво со програма претежно на албански јазик, посочи дека токму тоа треба

да биде нагласено во техничката спецификација. Во спротивно ќе се доведат во заблуда самите истражувачи. Во Република Македонија има три радија на државно ниво на македонски јазик. Со тој нагласок би се добиле попрецизни резултати во смисла на идејата што сакаат да ја реализираат.

Г-дин Трајчевски рече дека предлогот на г-дин Фетаи ќе се земе предвид и објасни дека генерално одлуката за тоа на каков јазик ќе биде распишан конкурсот ја носи Советот.

Г-дин Петрушевски рече дека би било добро да стои дека Советот веќе има донесено заклучок и дека е таква препораката.

Г-дин Фетаи рече дека е во ред што ќе биде земено предвид но не грешат законски, ни во поглед на програмата ако се пише дека ова радио е претежно на албански јазик. Не сака да испадне дека се солидаризираат туку целокупната е да се пополни односот, да се направи можност за пополнување на таа празнина во медиумскиот простор со доделување на радио на државно ниво претежно на албански јазик.

Г-дин Ајдини праша дали може тоа во спецификацијата точно да се наведе. Бидејќи на минатата седница беше спомнато дека поголемиот дел од испитаниците ќе бидат Албанци, праша како ќе се изведе тоа, како ќе се знае тоа дека поголемиот дел од испитаниците ќе бидат Албанци?

Г-дин Трајчевски одговори дека ќе има Методологија којашто ќе ја утврди агенцијата којашто ќе биде избрана, за да се добие релевантен податок.

Г-дин Петрушевски рече дека најверојатно треба да биде фокусирана на териториите на изборна единица 1, 2, 6 и 5.

Г-дин Трајчевски рече дека истражувањето треба да се направи на целата територија на Република Македонија.

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева објасни дека испитувањето треба да биде утврдено врз основа на статистички репрезентативен примерок од 1200 испитаници, односно 65% Македонци, 25% Албанци и останати. Ако се испитуваат потребите само на Албанската популација, во тој случај службата треба да се консултира со истражувачките агенции како во таков случај би се утврдил примерокот за да тој биде статистички репрезентативен.

Г-дин Трајчевски рече дека техничката спецификација е доставена на седница на Советот на увид. Не мора да се објави утре или задутре, ќе се направи консултација и она што беше кажано во дискусијата во однос на јазикот и сето друго што може да биде прифатено во законски рамки соодветно ќе биде ставено во техничката спецификација.

Г-дин Фетаи рече дека раководителката Довлева му отворила една дилема во смисла на целокупниот политички систем на Република Македонија. Ако се оди по старата Методологија, во поглед на етничката застапеност на граѓаните на Република Македонија 65%, 25%, 3% итн., во таа насока за оваа специфична потреба може да дојде да бидат надгласани, во смисла дека на мнозинската заедница на некој начин не им е потребно такво радио. Затоа можеби ќе има истражување кое ќе доведе до погрешни заклучоци, спротивни од намерата која ја имаат. Затоа и во системот и во Уставот на Република Македонија постои еден механизам кој е внесен од Охридскиот

рамковен договор, двојното мнозинство односно Бадинтеровиот систем. За некои прашања кои се однесуваат на заедниците, на пример за територијалната поделба, за јазикот, за културата итн., за нив е ставено двојно мнозинство, се гласа со мнозинство на гласови во Собранието. Бидејќи тоа прашање или предлог-закон е специфичен и ги задира тие елементи кои се зацртани во Охридскиот рамковен договор се бара уште едно гласање. Во второто гласање гласаат само заедниците, односно пратениците кои не припаѓаат на мнозинската заедница. Може да се дојде до ситуација каде што ќе се изненадат и тогаш иако поминал првиот предлог од мнозинството со 70 гласа „за“, во второто гласање за истото прашање ако 35 пратеници кои не се македонци во Собранието, од нив не го гласаат 18 пратеници, тој предлог не поминува. Ама само за специфични работи, не е тоа федерализација или кошница на работење на Собранието на донесување на Закони туку законодавецот се ограничил на тоа да не дозволи надгласување во смисла на специфичните работи. Сега аналогно на тоа со добри намери го кажува тоа, за да не се дојде до позиција да се потрошат толку пари за оваа анализа и на крај да испадне дека нема одговор кој сите тука се согласни дека такво радио треба да се додели.

Советот на Агенцијата го усвои предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-3273/3 од 13.07.2018 година и едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка - услуга: Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радиоемитување на државно ниво.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот- услуга: Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радиоемитување на државно ниво, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2018 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), бр.05-3270/1 од 13.07.2018 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018-та година.

Г-дин Петрушевски посочи Стручната служба на Агенцијата да ги земе предвид дискусиите од сегашната седница при изработката на техничката спецификација, која сега е доставена на увид и не ја усвојуваат, туку гласаат само за одобрување на набавката.

**Точка 6**

**Разно.**

Немаше точки под Разно.

**Бр.** 02-3256/6
20.07 **2018 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**